


СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ
- СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ -
зборник на трудови

Штип, 2014

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

- *СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ* –

зборник на трудови

2014, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-состојби, предизвици и перспективи-

Штип

2014

MUNICIPALITY OF STIP
COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

MODERN EDUCATION
-conditions, challenges and perspectives-

2014, STIP

Издава
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Охридија Лазарова

Организационен одбор

Снежана Мирасчиева – **претседател**

Членови
Владо Петровски, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Билјана Попеска, Даниела Коцева, Снежана Санева, Атанас Крстовски, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Јане Миланов, Зоран Костовски, Ванче Маневски, Јовче Арсов, Весна Ничева, Вања Џамбазова Николовска, Илија Митров, Трајан Коцев, Елена Ташкова

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор

Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Владо Петровски (Македонија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова(Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција
Снежана Санева, Милена Ристова Михајловска

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова, Билјана Петковска

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Даниела Коцева, Билјана Попеска, Габриела Димова

Тираж
500

Печати
Полиестердеј - исток, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(062)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование: состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [уредувачки одбор Снежана Мирасчиева ... и др.]. - Штип: НУБ "Гоце Делчев", 2014. – 230 стр. : илустр.25 ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија и abstract кон трудовите

ISBN 978-608-242-001-1

а) Образование - Собири
COBISS.MK-ID 96213002

Содржина

Предговор .....

1. Снежана Мирасчиева, Рефлексијата на некои тенденции во современото воспитание и образование
   Snezana Mirascieva, The reflection of some tendentions in modern education
2. Кирил Барбареев, Предизвиците на современото воспитание
   Kiril Barbareev, Challenges of modern education
3. Габриела Димова, Современото воспитание и образование во контекст на градење здрав животен стил
   Gabriela Dimova, Modern education in the context of building healthy lifestyle
4. Владо Петровски, Даниела Коцева, Улогата и значењето на контролната функција во воспитно-образовниот процес
   Vlado Petrovski, Daniela Koceva The role and importance of the control functions in the educational process
5. Соња Петровска, Моќта и дострелот на родителското воспитание
   Sonja Petrovska, Power and range of parental education
6. Камелија Галчева, Педагогот во полза на родителите или заедно да воспитуваме за безбедно однесување на децата
   Kamelija Galcheva, Pedagogue in favor of parents or lets educate together for safe behavior of children
7. Деспина Сивевска, Билјана Ефтимова Бошкова, Родителите и слободното време на децата
   Despina Sivevska, Biljana Eftimova Boskova, Parents and children leisure time
8. Даниела Коцева, Владо Петровски, Меѓурелигиска толеранција и дијалог во училиштата во Република Македонија
   Daniela Koceva, Vlado Petrovski, Inter-Religion dialogue and tolerance in schools in Macedonia
9. Снежана Ставрева Веселиновска, Нови "типови" на ученици – креатори на нови училишта
   Snezana Stavreva Veselinovska, New "types" of students – creators of new schools
10. Емилија Петрова Ѓорѓева, Информациско и информатичко описменување на учениците во современата училишна библиотека
    Emilija Petrova Gjorgjeva, Students' information and informatic literacy in a modern school library
11. Драгана Кузмановска, Биљана Петковска, Снежана Кирова, Наставникот како главна нишка во забавување на процесот на заборавање кај учениците
    Dragana Kuzmanovska , Biljana Petkovska, Snezana Kirova, Teachers as the main thread in slowing the process of students' forgetting
12. Биљана Петковска, Снежана Кирова, Драгана Кузмановска, Улогата на наставникот во изучување на странските јазици
    Biljana Petkovska, Snezana Kirova, Dragana Kuzmanovska, Teahcer's role in studying foreign languages
13. Снежана Јованова-Митковска, Како да ја унапредам сопствената наставна практика?
    Snezana Jovanova-Mitkovska, How to improve my own teaching practice?
14. Катерина Митевска Петрушева, Билјана Попеска, Појава на синдромот на професионално согорување кај наставниците
    Katerina Mitevska Petrusheva, Biljana Popeska, Teacher burnout syndrome
15. Татјана Атанасова – Пачемска, Зоран Трифунов,Сања Пачемска, Е-Тест. Креирање и користење
    Tatjana Atanasova – Pacemska, Zoran Trifunov, Sanja Pacemska, Online test. Creating and usage
16. Билјана Попеска, Катерина Митевска Петрушева, Реализација на наставата по физичко и здравствено образование преку примена на нестандардни справи и реквизити
    Biljana Popeska, Katerina Mitevska Petrusheva, Realization of physical education teaching process using unstandard equipement and facilities

17. Елена Мирасчиева, Интерперсоналните односи во индивидуалната настава по флејта во функција на воспитувањето на личноста
    Elena Mirascieva, Interpersonal relationships in the individual teaching of flute in the function of an individual's development
18. Анкица Витанова, Марија Апостолова, Интересот на учениците за изучување на етно-педагошки содржини во наставата
    Ankica Vitanova, Marija Apostolova, Students' interest in studying ethno-pedagogical educational contents
19. Ленче Насев, Методски можности на реализација на музичкиот фолклор во образовниот процес
    Lence Nasev, Methodological possibilities of realization of music folklore in the educational process
20. Маријан Стевановски, Филип Стевановски, Синтеза помеѓу формалното и неформалното образование во процесот на задоволување на компаниските потреби
    Marijan Stevanovski, Filip Stevanovski, Syntesis between formal and informal education in the process of satisfying the needs of the company
21. Елена Ташкова, Лидија К. Панова, Поврзаност на дислатерализацијата кај учениците од трето одделение со потешкотии во читањето
    Elena Tashkova, Lidija K.Panova, Connection of the dislateralisation of students at the third grade with difficulties in reading
22. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски, Современите образовни потреби и перспективи за деца под ризик и деца со посебни потреби во Република Македонија
    Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski, Modern educational needs and perspectives for children at risk and children with disabilities in the Republic of Macedonia
23. Наташа Чичевска-Јованова, Даниела Димитрова-Радојичиќ, Бариери во инклузивното образование во Република Македонија
    Natasha Chichevska Jovanova, Daniela Dimitrova Radojichikj, Barriers in inclusive education in the Republic of Macedonia
24. Оливера Трифуновска, Управувањето со стресот и организациските односи како главен предизвик во современото образование
    Olivera Trifunovska, Managing the stress and organizational relations as main challenge in contemporary education
25. Киро Јорданов, Учениците со посебни образовни потреби – предизвик за модерниот наставник
    Kiro Jordanov, Students with special educational needs – a challenge for the modern teacher
26. Викторија Смилкова, Дигитални содржини во наставата - императив за современиот наставник
    Viktorija Smilkova, Digital teaching - an imperative for the modern teacher
27. Горица Смилкова, Изучување на предметот хемија во основното образование со конструктивистички приод и примена на информатичка технологија
    Gorica Smilkova, Studying the subject chemistry in primary education with constructivist approach and application of information technologies
28. Весна Ничева, Поим, значење и класификација на наставните средства
    Vesna Nicheva, Concept, meaning and classification of teaching aids
29. Јулијана Мијалов, Современото училиште предизвик за интелектуален развој на ученикот
    Julijana Mijalova, Modern school – a challenge for intellectual development of students
30. Нада Арсова, Ана Наковска, Хуморот во наставата
    Nada Arsova, Ana Nakovska, Humor in the process of teaching
31. Марија Апостолова, Анкица Витанова, Актуелни пристапи во третманот на воспитниот развој на учениците во Република Македонија
    Marija Apostolova, Ankica Vitanova, Current approaches in treating the educational development of students in the Republic of Macedonia
32. Милена Ристова-Михајловска, Со креативност, корелација и интеграција до квалитетно учење и долговечно меморирање
    Milena Ristova-Mihajlovska, With creativity, correlation and integration to quality learning and long-living memory

33. Данче Николовска Вратеовска, Вања Џамбазова Николовска, Виолета Ничева Тиквешанска, Микро и макро економски аспекти за влијанието на образованието врз човечкиот капитал, пазарот на труд и врз економскиот раст и развој
Danche Nikolovska Vrateovska, Vanja Dzambazova Nikolovska, Violeta Nicheva Tikveshanska, Micro and macro economic aspects about the impact of education on human capital, labor market and on economic growth and development
34. Марина Алексовска, Лидија Јаневска, Воспитен тим –„Буба Мара"ЈОУДГ„Ангел Шајче" Куманово, Проектна активност „Да ја негуваме традицијата, да ја почитуваме културата на минатото"
Marina Aleksovska, Lidija Janevska, Educational team -"Buba Mara" JOUDG "Angel Sajce" Kumanovo, Project activity: "To cherish tradition, to respect the culture of the past"
35. Н. Радуловић, М.Галић, С. Мишић, З. Бера, Л. Кукољ, М.Миркоњ, М. Панчић, Проект: прсти, пета, стапало, што ме снајде
N. Radulovic, M.Galic, S. Misic, Z.Bera, L.Kukolj, M.Mirkonj, M.Pancic, Project: toe, heel, foot, that moves me
36. Билјана Бошњак, Градинка без насилство-протокол за постапување во ситуација на насилство во предучилишните институции
Biljana Bosnjak, Kindergarten without violence – protocol for action where violence is present in preschool institutions
37. Елизабета Симоновска, Говорот кај предучилишните деца
Elizabeta Simonovska, Speech in pre-school children
38. Кристинка Селаковиќ, Уметничкото дело во наставата по ликовна култура – различни можности на примена
Kristinka Selakovic, The artwork in teachin of art education –various opportunities to use
39. Елизабета Дончевска – Лушин, Формирање личности – потреба и предизвик на денешнината
Elizabeta Doncevska-Lusin, Formation of personalities – the need and challenge of today
40. Емилија Шереметкоска, Размислувам како да мислам,
Emilija Seremetkoska, Contemlate how to think
41. Љубинка Нушевска, Интеграција на еколошкото образование во предучилишна возраст
Lyubinka Nushevska, Integration of ecological education at preschool age

ПРЕДГОВОР

Пред нас е втората публикација во издание на Национална Установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ Штип, под наслов „Современото воспитание и образование –состојби, предизвици и перспективи-“. Станува збор за колекција на трудови кои беа презентирани на истоимената конференција која се одржа на 14 мај 2014 година во организација на Општина Штип а во соработка со Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип по повод 24 мај „Св.Кирил и Методиј“ денот на сесловенските просветители кои го чествуваат просветните работници. Научно-стручниот карактер на конференцијата овозможи не само размена на искуства и анализа на состојбата во воспитанието и образованието на сите нивоа туку и трасирање на патот за иднината на воспитно-образовниот систем во целост како еден од основните темели на развојот на заедницата.

Публикацијата под наслов „Современото воспитание и образование –состојби, предизвици и перспективи-“ е продукт на размислувањата, искуствата, иницијативите и предлозите, теориски и емпириски сознанија кои беа презентирани на самата конференција.

Содржински текстовите во публикацијата третираат прашања од различни аспекти на воспитанието и образованието, во сферата на наставата, наставникот, ученикот, наставните средства, целите и содржините во воспитно-образовниот процес на сите образовни нивоа, од предучилишно, преку основно и средно до високо-образовните институции. Исто така се среќаваат текстови кои говорат и за специфичностите на одделни видови дидактички модели на настава, во различни типови на училишта со што се богати педагошко-дидактичкиот тезаурус.

Проблемот на модернизација на воспитанието и образованието е и временски димензиониран поаѓајќи од анализа на состојбата преку посочување на тенденциите до визионирање на перспективите за натамошен развој. Во редовите испишани на повеќе од двесте страници, можат да се сретнат содржини кои се насочени кон соработката со родителите, со што прашањето на единство на воспитните фактори не останува изолирано. Интересно е да се споменат и размислувањата како и искуствата на дел од просветните работници во однос на примената на современата технологија и техника во наставата, што упатува на заклучокот дека наставата е предмет на интерес и е целно насочена кон нејзино унапредување од страна на непосредните учесници, планери и реализатори на самиот процес, наставниците.

Оваа публикација не ја исцрпува целата проблематика која е предмет на интерес на конференцијата, со оглед на сложеноста на феноменот воспитание и образование како и комплексноста на воспитно-образовниот систем. Сложената природа на проблемот како и неговата условеност од општественото опкружување, науката, техничко-технолошкиот развој, индивидуата отвора нови полиња за дискусија, идеи за развивање, нови практики со една единствена цел, унапредување на воспитно-образовниот процес заради зголемување на квалитетот на самиот процес и на знаењето како негов продукт.

Но останува да сведочи за еден настан, една состојба, во одредено време како четиво за генерациите што идат.

Мај, 2014
Штип

Од уредниците

Во поново време со интензивната употреба на информатичката технологија и можностите што ги нуди интернетот, се јавува опасноста од нечитање на книги. Книжевните дела се достапни во скратена или прераскажана форма во рамки на информациите, застапени на интернет. Тоа е основна причина учениците да избегнуваат читање на целото книжевно дело. Наставниците денес се оние кои треба да се спротивстават на опасноста, а, секако, тоа ќе го сторат со многу креативност и поттик на мотивацијата за да се прочита и интерпретира едно дело. Во денешно време, полезно е тоа што како пандан на класичната библиотека се јавува електронската библиотека. И добро е што и на наши простори се јавува сè поопширна дигитализација на домашната и странска литература. Не случајно погоре го истакнавме книготворењето во македонскиот Среден век. Во тоа време нашите најистакнати книжевни дејци твореле, пишувајќи ракописно и краснописно, користејќи ги сопствените вешти илуминаторски способности со цел да го задоволат естетското чувство на читателот. Апелот во актуелниот момент е да не се забораваат книжевните ни корени и актуелните просветни работници - книжевници да водат сметка учениците да пишуваат ем ракописно, ем краснописно. Не, воопшто не е тешко да се укажува на краснопишување и да се укажува на правописот преку почесто повторување на најчесто правените грешки (а правоговорот е сосем друга тема во која горат други опасности, меѓу кои највпечатливи се: масовното навлегување и вдомување на странцизмите во нашиот јазик и „новопечениот т.н. политички акцент“!). И, конечно, учителите, наставниците и професорите да не ги чекаат резултатите од екстерното оценување за да добијат евалуациска слика за себе. Пожелно е на крајот од секој час да се самоевалуираат. Постојат премногу креативни начини за тоа!

Литература

1. Димова, В. (2007). Литературното дело и рецепиентот. Скопје: Македонска реч.
2. Николовска, Е., Николовски, А. (1983). Методика на наставата по македонски јазик во основното училиште. Скопје: Студентски збор.
3. Паноска, Р. (1980). Методика на наставата по македонски јазик. Скопје: Просветно дело.
4. Петканова, Д. (1997). Старобългарска литература IX - XVIII век, Трето допълнено издание, София.
5. Тушевски, В. (2000). Поетика и реторика на Новата македонска книжевност - XIX век. Скопје: Менора.

УДК: 37.014.54
Прегледен труд

МИКРО И МАКРО ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВРЗ ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ, ПАЗАРОТ НА ТРУД И ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

Данче Николовска Вратеовска
Совет на о.Штип, Министерство за финансии- Управа за јавни приходи, РД Штип
Вања Џамбазова Николовска
Одделение за јавни служби, Локална самоуправа Штип
Виолета Ничева Тиквешанска
Фондација за развој на локалната заедница, Штип

Апстракт: *Во рамки на современата теорија на економската мисла, се поголема тежа на научните истражувања и дебати паѓа врз анализата на врската помеѓу знаењето т.е. образованието, (како основен институционален канал за стекнување со и кумулирање на знаење) и економскиот раст. Знаењето и човечкиот капитал завземаат централно место при ваквите анализи, и тоа како факторски инпут кој ја зголемува искористеноста на физичките фактори на производството: труд, капитал и природни ресурси и обезбедува супституција и најефикасна алокација на економските ресурси, што е основна парадигма на економската наука. Во овој труд, преку методите на индукција и дедукција, методите на анализа и синтеза, како и преку историска и трендовска компаративна анализа, се доаѓа до генерализирани ставови, заклучоци и препораки за предметната тема на истражување, но и за применливоста на ваквите согледувања на ниво на случај во Р.Македонија. Во овој контекст, овој труд има за цел да ги детерминира микро и макроекономските аспекти за економската оправданост од инвестирање во образование, за влијанието на образованието врз создавањето на човечкиот капитал а со тоа и врз економскиот раст и развој, како и да ја детерминира интеракциската спрега помеѓу образованието и пазарот на труд.*

Клучни зборови*: знаење, квалификации, вештини, инвестиции, трошоци, користи, економска оправданост*

MICRO AND MACRO ECONOMIC ASPECTS ABOUT THE IMPACT OF EDUCATION ON HUMAN CAPITAL, LABOR MARKET AND ON ECONOMIC GROWTH AND DEVELOPMENT

Danche Nikolovska Vrateovska
Municipal Council – Shtip, Ministry of finance - Public Revenue Office, RD Stip
Vanja Dzambazova Nikolovska
Department for public service, Local Government-Stip
Violeta Nicheva Tikveshanska
Local Community Development Foundation, Stip

Abstract: *Within the modern theory of economic thought, growing gravity of scientific research and debate falls on the analysis of the relationship between knowledge, meaning education (as a basic institutional channel for acquisition and accumulation of knowledge) and the economic growth. Knowledge and human capital occupy a central place in these analyses, especially as input factorS that increase the utilization of the physical factors of production: labor, capital and natural resources and they provide substitution and most efficient allocation of economic resources, which is the basic paradigm of economic science. In this paper, through the methods of induction and deduction, methods of analysis and synthesis, as well as historic and trendy comparative analysis generalized views are established, conclusions and recommendations on the subject matter of the research are made, but so are the applicability of these outcomes at the level of case study in Macedonia. In this context, the paper aims to determine the micro and macroeconomic aspects of the economic viability of investment in education, the impact of education on human capital formation and thus on economic growth and development, and to determine the interaction between education and the labor market.*
Keywords*: knowledge, qualifications, skills, investment, costs, uses, economic viability.*

Вовед

Врската помеѓу знаењето и економскиот раст е предмет на истражување на многу научни студии, поаѓајќи од чистата теоретска анализа па се до емпириските панел студии за групи на земји. Постојат два вида на модели кои ги истражуваат каналите на влијание на знаењето и образованието и нивото на неговиот развој врз економскиот раст. *Првите модели* во рамки на класичната а подоцна и неокласичната економија, акцентот го стават на акумулацијата на капитал преку менување на стапката на заштеда и/или со реалоцирање на заштедите кон различни иновации и капитално-производни технологии (Solow 1956, 1957), што става посебна тежа на интеракцијата: заштеди и иновативност, креативност, знаење т.е. на човечкиот капитал во функција на технолошкиот раст и развој. Често ваквите анализи се засновани на производствената функција на Cobb и Daglas, на ниво на поединечен случај или $Y = K\alpha \times X$ каде Y е БДП по глава на жител, К е физички капитал по глава на жител, Х е дерминанта на растот по глава на жител и α е параметар на производната функција. Многу неокласичари (King и Levine, 1993) сметаат дека растот на Х доаѓа од технолошкиот развој т.е. од кумулираното знаење, вештини, инвентивност и креативност како основен предуслов за технолошки раст и развој. *Вторите модели* дефинираат дека функциите кои ги извршува финансискиот систем ја зголемуваат стапката на технолошки иновации. Во овие модели (Lucas, 1988 и Romer, 1990) го вклучуваат технолошкиот развој како ендогена варијабла на растот (врз кој што најголемо влијание има човековиот капитал) а претпоставката за совршена конкуренција е заменета со имперфектна конкуренција и растечки приноси од обем. Schumpeter (1912) во своето капитално дело акцентира дека добро развиен банкарски систем влијае стимулативно врз технолошките иновации, преку изнаоѓање на претприемачите со најдобри шанси за иновативни производи и прозводствени процеси.

За парадигмата на човечкиот капитал

Значењето на знаењето и човечкиот капитал во функцијата на општествениот и економскиот раст, уште во 1776 година го анализира основоположникот на класичната доктрина за слободната рака на пазарот: Adam Smith. Тој го дефинира човечкиот капитал како: "кумулатив на стекнати и корисни потенцијали на сите членови на општеството. Стекнувањето и одржувањето на вакви таленти, во текот на образованиот процес, учењето, или школувањето, секогаш претставува вистински трошок...Овие таленти, освен што влијаат на создавање на личното богатство, исто така влијаат на зголемување на богатството на општеството на кое му припаѓаат. Подобрената умешност на работникот може да се

третира како машина или инструмент во призводството, што влијае на зголемување на продуктивноста на трудот...,,
И покрај многуте дијаметрално спротивставени мислења во однос на парадигмата за човечкиот капитал и критиките кои се однесуваат на истата, дека е недоволно конкретизирана и без објаснувачка моќ, сепак, потребата да се квантифицира инпутот на поединецот како работник во производствениот процес, т.е. да се издефинира метод за мерење на неговата производствена моќ, во 1994 година не води до генезата на теоријата за човечкиот капитал во економската мисла, за чиј основач се смета Becker Gary. Спрема *теоријата на човечкиот капитал*, разликите во заработката на поединците се должат на индивидуалната продуктивност која произлегува од разликите во образованието, способностите, искуствата, вештините и обуките на самиот работник. Притоа, оваа теорија во контекст на економетриската анализа може да биде сведена на микро ниво - кога се мери врската: количина на човечки капитал и заработувачка; и макроеконометриска анализа - која се фокусира на човечкиот капитал како фактор за економски раст и развој. Најчесто, човековиот капитал во економската мисла се дефинира како серија од производствени способности, вештини, знаења и таленти на поединецот, стекнати преку: образовниот процес (во поширок контекст на поимање: формално и неформално образование), научно истражувачката работа, обуките и искуствата.

Економската оправданост за инвестирање во човечки капитал
Кумулативот на знаења претставува капитал или богатство, кое има своја цена и кое може да пресоздаде т.е. да произведе доплнително, ново богатство, што од друга страна е поврзано со оправданоста од правењето на трошоци т.е. од инвестирањето во човечкиот капитал, односно во образованието како главен носител при создавањето на ваквиот капитал. Токму затоа се и огромниот број студии и cost-benefit анализи кои што имаат за цел да ги измерат агрегатните трошоци (како цена на инвестирање во човековиот капитал) и општествените користи како резултат на ваквите инвестиции. Утврдувањето на цената на човечкиот капитал се прави на индиректен начин: земајќи ја неговата пазарната вредност како еквивалент на сочелувањето на понудата и побарувачката за човечки капитал. Притоа, сè додека сегашна вредност (и/или продуктивност) на човечкиот капитал ги надминува трошоците за неговото создавање, инвестирањето во човечкиот капитал е економски исплатливо.
Економетриските и компаративните анализи укажуваат дека, гледано низ призмата на учество во растот на БДП, акумулацијата на човечкиот капитал е три до четири пати позначајна од акумулацијата на неквалификуваниот труд, додека растот на вкупната факторска продуктивност (труд, капитал и природни ресурси) е значајно определена со иницијалното почетно ниво на човечки капитал. Притоа, резултатите покажале дека работниците со високообразовни квалификации приближно тројно повеќе придонесуваат за пораст на продуктивноста, во споредба со работниците без квалификации. Во група истражувања на тлото на американската економија, се сублимирал заклучокот дека, доколку продуктивноста на трудот остане непроменета, тогаш само 31% од промените во вкупниот аутпут имаат објаснение: од нив, 15% се припишуваат на зголемувањето на квантитетот и квалитетот на земјата и физичкиот капитал, а 16% на зголемувањето на квантитетот на трудот, а на зголемувањето на квалитетот на трудот (човечкиот капитал), отпаѓаат 38% (Гоцевски, 2012).

Cost-benefit анализа за образованието како основен институционален канал за генерирање на човечки капитал
Образованието претставува еден од основните институционални општествени канали преку кои се генерира човечкиот капитал или активност преку која се стекнуваат знаењата на поединецот и општеството во целина. Во услови кога знаењето е третирано како интелектуална сопственост на индивидуата која има одредена цена на пазарот на труд, дваесет и првиот век е наречен уште и како век на знаењето. При тоа, во рамки на Милениумските развојни цели е планирано завршувањето на основното образование, (заедно со постигнувањето на останатите развојни цели), да помогне да се преполови сиромаштијата во светот во 2015 година.
Образованието е правопропорционално поврзано со растот на продуктивноста во економијата преку:
- создавањето на човечки капитал и поквалитетна работна сила за развивање на претприемништвото, услужниот сектор (како најпродуктивен) и на пропулзивните брзорастечки индустрии; и
- создавањето на научници и истражувачи како инструменти за нови технички и технолошки иновации и пронајдоци.

Економската исплатливост од инвестирањето во образованието, има позитивни екстерналии и на микро ниво преку зголемување на заработувачката на ниво на индивидуа, преку заголемување на продуктивноста на ниво на претпријатие, преку зголемување на знаењето и продуктивноста на агрегатно макроекономско ниво, како и на меѓународно ниво помеѓу националните економии. Бројните изготвени cost-benefit анализи за образованието често имаат претесна рамка на анализа, која не ги вклучува пошироките културно-социјални, и психолошките ефекти од образованито. При спроведуањето на cost-benefit анализите, во рамки на трошоците најчесто се вклучени буџетските трошоци за образование, индивидуалните трошоци на лицето кое се наобразува и опортунитетните трошоци за изгубената можност за заработувачка за време на образовниот процес. Во рамки на бенефитите ќе ги вброиме: зголемени можности за вработуање и заработка, намалување на невработеноста (а со тоа раст на куповната моќ на населението, раст на побарувачката, зголемено производство), зголемувањето на економскиот раст и продуктивноста, раст на животниот стандард, намалување на сиромаштијата, промени во општестениот статус на индивидуата, намалување на нееднаквоста, зголемуање на општествената инклузивност, намалуање на буџетските трошоци по основ на трансфери за социјално маргинализирани и ризични категории итн. Инвестирањето во образованието и човечкиот капитал во една економија, имплицира подобра искористеност на трудот, капиталот и природните ресурси, т.е. е од суштествено и непобитно значење за ефикасна алокација на економските ресурси (основна парадигма на економската наука), намалување на невработенста, зголемување на производството, раст на потрошувачката и зголемување на нивото на животниот стандард и квалитетот на живеење во заедницата. Повискокото ниво на образование ја зголемува можноста за вработување и стекнување со повисока заработувачка, а знаењето во една економија овозможува вршење на успешна алокација и супституција на најразличните ресурси и форми на капитал, со цел постигнување на одржлив економски раст и развој. Во шеесетите години од минатиот век, помеѓу економските мислители, консензуално беше усвоен ставот дека на постојно ниво на технолошка разиеност и состојба на пазарот на труд, стапката на невработеност од 4% или т.н. природна стапка на невработеност соодветствува со целосно ангажирање на ресурсите. Во едно истражување (Okun, 1961) е утврдено дека секое намалување на реалниот БДП за 3% под потенцијалниот БДП, повлекува раст на стапката на невработеност за 1%.


Влијанието на образованието врз пазарот на труд

Влијанието на образованието врз резултатите на пазарот на труд и воопшто врз економијата во целост, предизвикало развивање на многу научни студии за порзаноста помеѓу потребите на пазарот на труд и компаративните предности и производните потенцијали во националните економии, како и за поврзувањето на образовните политики со пазарот на труд. Една од нив (de Ferranti, Guillermo, 2003) го сублимираше заклучокот дека, додека земјите од Источна Азија можат да имаат корист од повеќе средни училишта, Латино- Американски држави, поради нивното богатство на природни ресурси, би имале корист од повеќе експерти од областа на процесите на производство. Притоа, обезбедувањето на високо-квалитетно субвенционирано образование е оправдано, не само затоа што ги оспособува луѓето и им помага во намалување на нееднаквоста, туку затоа што земјите со ниско ниво на образование се изложени на ризикот да останат маргинализирани и заробени во технолошка стагнација и низок економски раст. Освен автономните образовни промени, динамиката на глобалните процеси, економските и технолошките процеси имаат силно влијание врз промените во образовниот систем, кој од репетативен и некогнитивен се повеќе тендира да се развива во креативен и когнитивен.

Во една друга студија извршена во Данска, Швајцарија и Ѓерманија, која се фокусира на можностите за вработуање и на продуктивноста на работници со стручно образование наспроти работници со општо образование (и тоа во зависност од нивната старосна структура) е утрдено дека, додека на почетокот можностите и продуктивноста им одат во прилог на работниците со стручно образование, во подоцнежните години, оваа тежа паѓа на вработените со општо образование, поради нивната способност побрзо да се адаптираат на техничко-технолошките и структурните промени во економијата. Во согласност со релативната брзина на економски промени во самите економии, сумирано е дека стручното образование е покорисно во Швајцарија, додека пак во Данска и во Ѓерманија, економски поисплатливо би било општото образование (Hanushek et al., 1999).


Образованието, буџетските трошоци и пазарот на труд во Р.Македонија

Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека статистичката корелација меѓу стапката на раст на БДП и нивото на развојот на човековиот капитал е директно определена од порастот на делот од БДП кој е наменет за образованието. Во таа смисла, го прикажуваме подолупоместениот дијаграм, кој го третира изминатиот тринаесетгодишен период во Р.Македонија и на кој се огледа растечкиот тренд на агрегатните буџетските трошоци (како процент од БДП) издвоени за ресорот образование, што претставува позитивен индикатор за земјава, како општество кое го продлабочува инвестирањето во развојот на образованието.



Слика бр. 1: Буџетски трошоци во образование како % од БДП во Р.Македонија од 2000 до 2013 година (Извор: ДЗС, Министерство за финансии на Р.Македонија, обработка на авторот)

Исто така, во рамки на анализата за влијанието на образованието врз пазарот на труд, бројни студии докажале дека постои тесна корелациона врска помеѓу нивоата на образование и можностите за вработување на пазарот на труд. Потврда за тоа е и анализата на податоците на невработени лица (во вкупен број од 97 458 лица) во Р.Македонија според образовната структура. Имено, вкупното учество на невработените лица кои се стекнале со високо образование, магистратура или со степен доктор на науки изнесува само 17,9% од вкупниот број на невработени во месец јануари, 2014 година, додека останатите високи 82,1% отпаѓаат на работна сила без образоание, со основно, средно и вишо образование. Подолупоместените графикони даваат детален приказ за процентуалното учество на бројот на невработените лица според нивото на образованите во вкупниот број на невработени лица. Имено, ваквото учество на невработените без образование и со основно образование во вкупниот број на невработени лица изнесува 2,7%, на лицата со непотполоно средно изнесува 17%, на невработените со средно образование изнесуа 35%, со вишо образование 3%, со високо образование 17%, со магистратура 1% и учеството на невработени доктори на науки во вкупниот број на невработени лица изнесува 0,02%.



Слика бр. 2: Учество на невработените лица според ниво на образование во вкупен број на невработени во Р.Македонија, 2014 година (Извор: АВРМ, обработка на авторот)

Освен степенот на образование, можноста за вработување е правопропорционална функција од степенот на вештини, способности и квалификации со кои индивидуата се стекнува преку неформалното образованите и преку работното искуство (Hannan, Smyth, 2013). Работодавачите ги преферираат работниците со подобри квалификации, што значи дека за таквите работници побарувачката на пазарот на труд би била поголема, што би повлекло и повисока цена на ваквиот труд и/или човечки капитал, т.е. поголема можност за повисока заработувачка. Илустративен е податокот за рангираноста на квалитетот на работната сила во Р.Македонија во споредба со други 121 земја, според четирите клучни критериуми: образование (52-ро место), здравје и здравствена заштита (63-то), работна сила и вработување (115-то) и работни услови и околина (54-то место). Имено, според овој извештај, земјава се наоѓа на 65-тото место, при што најдобрите работници во светот ги имаат Швајцарија (4-то место во образование), Финска (која е прва на листата според критериумот образование), Сингапур (3-та по образование), Холандија (7-мо место според критериумот образование) и Шведска (14-та по образование); (World Economic Forum, 2013).

Анализата на трансмисионите сигнали од страна на реалната економија преку пазарот на труд, а во функција на дефинирање на образовните политики како генератори за производство на потребната работна сила и човечки капитал, е сеуште недоволно истражена сфера од страна на научната фела. Ризиците при спроведувањето на резултатите од едни вакви студии, најмногу се сведуваат на појавувањето на временскиот јаз при детектирањето на потребите на реалниот сектор т.е. на работодавачите и обезбедувањето на промени во образовниот систем, кои би одговориле благовремено на ваквата побарувачка. Но сепак, тоа не смее да биде аргумент за неповрзување на образованието со потребите на пазарот на трудот, туку напротив, предизвик повеќе во насока на будно и континуирано следење на ваквите корелации.

Во Р. Македонија постои осумгодишна пракса на спроведување на истражувања за анализа на потреби од вештини на пазарот на труд, кои се спроведувани од страна на Агенцијата за вработување на Р. Македонија. Дел од резултатите од последното вакво истражување кое се однесува на 2013 -2014 година, во кое се опфатени 38,1% од вкупниот број на фирми во приватниот сектор со повеќе од седум вработени и во кои работат 62,4% од вработените во фирмите во анализираните дејности, укажуваат на потребите на анкетираните работодавачи, за приоритетни нови вработувања според образованието и вештините во наредните дванаесет месеци. Притоа, со завршено високо образование најмногу се бараат: програмери, информатичари, градежни инженери, архитекти, архитекти-проектанти, машински инженери, технолози, фармацевти, електроинженери, инженери за транспорт, технолози за прехранбени производи, економисти, правници, итн; со завршено средно образование се бараат: шивачи, кројачи, продавачи, бравари, столари, заваруачи, пекари, чевлари, возачи на товарни возила, sидари, фасадери, гипсари, итн; со заршено основно образование се бараат: работници за едноставни работи со тутун, за во производство,за во текстилно производство, каменокршачи, хигиеничари, рудари, пеглачи, итн. Во делот на потребите на работодавачите за лица со повисоко ниво на образование, како дополнителни посебни знаења, вештини и способности се нотирани: познавањето на странски јазици (англиски, германски, италијански), познавање на основни компјутерски апликации, напредни знаења од информациска технологија, комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност, тимска работа, маркетингшки вештини, менаџерски вештини итн. (АВРМ, 2014).

Како инструменти на АВРМ во насока на поврзување на потребите на работодавачите со пазарот на труд се и мерките за подршка на невработените лица за стекнување со потребните вештини, искуства и знаења преку: Програмата за практиканство (која е планирано годинава да опфати 319 невработени лица) и со која што ќе се обезбеди поддршка за евидентирани невработени лица до 29 годишна возраст, за истите да се стекнат со одредени практични знаења и вештини; Програмата обука кај познат работодавач (која е планирано годинава да опфати 1125 невработени лица) и којашто има за цел, на евидентираните невработени лица да им обезбеди определено ниво на знаења и вештини за работодавач, кој има утврдено определени потреби за работни места.; Програмата за обука за задоволување на побараните занимања на пазарот на труд и Програма за доделување на субвенциионирани кредити за самовработување и вработување на невработени лица. Притоа, според податоците на агенцијата, кумулативно во изминатите години, во мерката Обука кај познат работодавач учествувале 7278 лица, а се постигнати 6591 вработувања, во мерката Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот учествувале 1036, а се вработиле 491

лице, и во мерката практиканство учествувале 1295, а се вработиле 759 лица. Освен ова, во насока на подигање на нивото и квалитетот на човечките ресурси произведени во образовниот процес е и мерката Компјутер за секое дете, чија цел е постигнување на основно информатичко описменување на учениците.

Заклучок

Живеењето во дваесет и првиот век претставува функционирање во глобално општество, кое што, водено од глобализационите трендови и интензивните технички и технолошки промени и иновации, се потпира на знаењето и човечкиот капитал како суштествен инпут за одржлив економски раст и развој. Во тој контекст, концептот на доживотно учење (преку формите на формалното и неформалното образование) претставува основен императив за опстој на: 1) индивидуата која ја продава својата продуктивна моќ на пазарот на труд и за тоа постигнува одредена цена; и 2) за националните економии во конкурентскиот натпревар да се биде во чекор со пропулзивните индустрии и најновите пронајдоци а при тендирањето кон одржлив економски раст и развој. Затоа, акцентот на истражувањата од мерењето на економската исплатливост од инвестирање во (или трошење за) образование, се повеќе се префрла кон истражувањето на трансмисионите канали на влијание од реалниот сектор и пазарот на труд, кон образовните програми и политики, како и кон креирање на адекватен и навремен системски одговор на ваквите сигнали. Во таа смисла, нашите препораки и согледувања се дека идната образовна политика е потребно системски да се развива во насока на: трансформација на образовниот систем од репетативен кон креативен и когнитивен; повеќе да се фокусира на потребата да обезбеди создавање на минимален праг на квалификации, знаења и вештини (кои што би имале легитимитет од страна на работодавците или би кореспондирале со потребите на пазарот на трудот а преку континуирана интерактвивна соработка помеѓу засегнатите страни: работодавци, пазар на труд и образовни институции); и истата да биде доволно флексибилна за навремено да одговори на брзите техничко-технолошки промени и на индивидуалните образовни / развојни потреби на партиципиентите.

Литература

1.АВРМ (2014). Анализа на потреби од вештини на пазарот на труд,, Извештаи, АВРМ.

2.АВРМ (2014).Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.01.2014 година, Скопје: АВРМ.

3.Гоцевски Трајан (2012). Парадигмата на човечкиот капитал во земјите во транзиција и улогата на универзитетот во неговото создавање. Годишен зборник, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј,,-Скопје.

4. Државен завод за статистика (2011). Бруто-домашен производ 2011, Скопје: ДЗС

5.Becker G. (1994). Human Capital: A theoretical and empirical analysis with special reference to Education, Chicago: The University of Chicago Press.

6.de Ferranti D. and Guillermo P. (2003).Latin America and the New Millennium. La Reforma: Mexico.

7.Hanushek E. A., Woessmann L.and Zhang L. (1999).General Education, Vocational Education and Labor-Market Outcomes Over the Life-Cucle. Working paper 17504, NBER

8.Hannan D. F.and Smyth E. (2013)-.New Perspectives for Learning. proceeds on International Scientific Conference: The role of education in labour market changes, Economic and Social Research Institute, Dublin, Proceedings.

9.King R. and Levine R.(1993). Financial and Growth: Shumpeter Might be Right. Quartely Journal of economics.

10.Lucas, R. (1988).On the Machanics of Economic Development. Journal of monetary economics.

11.Okun A.M. (1961)**.**The political economy of prosperity**,** thirt edition. New York: ImportBot.

12.Romer P.M.(1990). Endogenous Technological Change. Journal of political economy.

13.Solow R. (1956). A Contribution to the Theory of Economic Growth. Quartely journal of economics.

14.Solow R. (1957).Technical Change and the Aggregate Production Function. Review of economics and statistics.

15.Smith A. (1776). An Inquiry into the Nature And Causes of the Wealth of Nations Book 2 – Of the Nature, Accumulation, and Employment of Stock. USA: Editor's Introduction by Edwin Cannan.

16.Schumpeter J.(1911).Theorie der wirtschaftlichen Entwicklung (transl. 1934, The Theory of Economic Development: An inquiry into profits, capital, credit, interest and the business cycle), Vienna: Kyklos.

17.World Economic Forum (2013).The Human Capital Report. Insight Report, WEF.

18.Државен завод за статистика (2014).TransMonEE индикатори за мерење на развој. Прочитано на 28 февруар 2014 година. http://www.stat.gov.mk/TransMonee.aspx

УДК: 373.2.091.313(497.721)
Стручен труд

ПРОЕКТНА АКТИВНОСТ „ ДА ЈА НЕГУВАМЕ ТРАДИЦИЈАТА, ДА ЈА ПОЧИТУВАМЕ КУЛТУРАТА НА МИНАТОТО“

Марина Алексовска
Директор на ЈОУДГ„Ангел Шајче“Куманово
Воспитен тим –„Буба Мара“

Апстракт: *Реализацијата на воспитно-образовниот процес во предучилишните институции во поголем дел се реализира низ проектни активности во организациска смисла, а содржините се одлика на отворениот предучилишен курикулум. И двата аспекта се во функција на развој на детската личност во целост.*
Клучни зборови: *проект, традиција, култура.*

PROJECT ACTIVITY “TO CHERISH TRADITION, TO RESPECT THE CULTURE OF THE PAST”

Marina Aleksovska
Principal of Angel Shajche Kumanovo
Educational team – “Buba mara”

Abstract: *The realization of the educational process in preschool institutions is mostly carried out through project activities in an organizational sense, and the contents are a characteristic of the open preschool curriculum. Both aspects are aimed at developing a child’s personality as a whole.*
Key words: *project, tradition, culture.*

Потреба

Потребата за оваа проектна активност е наметната:

- Од современото, денешно време, да се навратиме во минатото да ги спознаеме убавините на нашата древна култура и богаство како обележје на традицијата и културата од минатото.
- Да се изгради позитивен став кон припадниците на различните етнички заедници преку стекнување сознанија во врска со: културата, традицијата и историјата на различните етнички заедници во земјата; нивната интеракција и нивното место и улога во развојот на земјата и нејзината култура.
- Да се бара демократска атмосфера, кохезивност и комуникативност во работата со децата.

За современ пристап во учењето *што детето сака* - различни ситуации, различни средини директно набљудување и соочување со она што треба да го восприеми, доживее и сознае, да биде активно и ангажирано во вистински интеракции, а не пасивно или чисто рецептивно.

- Интегрирањето во проектот да им овозможи на децата активен однос кон предметите, појавите и лугето во блиска и подалечна средина. Повратните информации ке им помогнат, од една страна, да ја осознаат реалноста која ги опкружува, а од друга страна ќе им биде овозможено да ги испитуваат своите можности за дејствување во таа реалност.

Време на реализација - Мај и Јуни 2004 год.

Цели

- Запознавање со некои правила на однесување и комуникација со децата и возрасните;
- Запознавање со убавините на својот роден крај, народното богатство и културата;
- Запознавање со традицијата и културното богатєво на нашата татковина во минатото и сега;
- Развивање на национален и културен идентитет – гордост и припадност на македонскиот народ и културните збиднувања;